ИЗВРШНИОТ ОДБОР на Скијачката федерација на Македонија на својата седница одржана на 22.11.2022 година ги донесе следните:

# ПРАВИЛА

**На АЛПСКИ КУП за ДЕЦА на СФМ**
**за сезона 2022-2023**

**1. Воведни одредби**

1.1 Овие правила се однесуваат на натпреварите во алпско скијање за алпските купови, државно првенство на РМ за категориите снегулки, цицибани 1, цицибани 2, деца 1 и деца 2, (U8, U10, U12, U14, U16), во машка и женска конкуренција.
1.2 За сезоната 2022/2023 година старосните категории се следните:
1.2.1 U8 – родени 2015 и помлади
1.2.2 U10 – родени 2013/2014
1.2.3 U12 – родени 2011/2012
1.2.4 U14 – родени 2009/2010
1.2.5 U16 – родени 2007/2008
1.3 Име на Натпреварите е **Алпски Куп за деца на Скијачка федерација на Македонија** во натамошен текст **Алпски куп на СФМ** , составен дел на називот може да биде име на спонзор.

**2. Организација**

2.1 Организатор на Алпскиот куп на СФМ е Алпскиот комитет при Скијачката федерација на Македонија, во натамошниот текст СФМ.
2.2 Технички организатор може да биде СФМ и клубовите од Северна Македонија, во натамошниот текст РСМ.
2.3 Техничкиот организатор се обврзува како организатор да ги обезбеди сите подготовки за навремерно и беспрекорна реализација на натпреварот и тоа:

- Да го објави натпреварот
- Да обезбеди простор за состанок на водачите на екипите и извлекување на броеви
- Потребни реквизите за организација на натпреварот
- Потребен број на судии
- Предвозачи
- Безбедност на патека.

2.4 Натпреварот го организира жири. Жирито се состои од членови кои ги делегираат СФМ и Техничкиот организатор.
2.5 СФМ ги одредува, за сите Натпревари, следните одговорни лица:

- Главен судија – член на жири, кој се избира на состанокот на водачите на екипите, од редот на тренерите на клубовите учесници на натпреварот
- Технички делегат – член на жири, го делегира Алпскиот комитет
- Одговорно лице за мерење на време, обработка на резултати

2.6 Техничкиот организатор обезбедува:

- Водач на натпреварот –член на жири
- Одговорно лице за патека
- Судија на старт
- Судија на цел
- Одговорно лице за судии на врати
- Секретар на натпреварот
- Одговорно лице за редарска служба
- Одговорно лице за медицински тим
- Служба за спасување
- Потребни материјали и техничка опрема.

2.7 СФМ му обезбедува на Техничкиот организатор и воедно ги сноси трошоците за:

1. Електронско мерење на време и обрѐаботка на податоци:
   - Уреди за мерење на времето
   - Услуга за мерење на времето
   - Услуга за обработка на податоците, одржување на веб страна, одговорно лице за опрема и техничките уреди
   - Максимaлн износ на овие услуги 12000 денари
2. Награди:
   - Медали за првопласираните три натпреварувачи во сите категории во максимален износ од 10000 денари
   - Дипломи за првопласираните три натпреварувачи во сите категории во максимален износ од 5000 денари

2.8 Жирито на натпреварите, раководи со реализацијата на натпреварите, според важечките правила на Меѓунардоната скијачка организација (FIS).

2.9 Натпреварите можат да се одржуваат во скијачките центри во Македонија, односно надвор од неа, ако за тоа даде согласност Извршниот одбор на СФМ и најмалку 2/3 од алпските скијачки клубови.

2.10 Натпреварите можат да се организираат на патеки кои се ХОМОЛОГИРАНИ од страна на Алпскиот комитет при СФМ. Хомологизацијата ќе ги содржи параметрите на патеката како и дицпиплината која може да се организира и категоријата на натпреварувачи кои може да настапи на натпреварите.

**3. Пријава на натпреварувачи и право на учество**

3.1 Право на учество на натпреварување во Алпскиот куп на СФМ имаат сите регистрирани натпреварувачи во СФМ.

3.2 На натпреварувањата на Алпрскиот куп на СФМ право на учество може да имаат и членови на други клубови надвор од РСМ. Пријавување на своите натпреварувачи можат да извршат единствено преку своите Национални сојузи или клубови. Членовите на другите клубови надвор од РСМ мораат да бидат пријавени кај своите Скијачки сојузи и да имаат нивни коден број. Наградите им припаѓаат за пласман на натпреварувањето, но нивниот резултат не се бодува за Алпскиот куп на СФМ.

3.3 Натпреварувачот има право да настапи само во својата категорија.

3.4 Сите пријавени натпреварувачи мораат да бидат лекарски прегледани, да бидат осигурани и да имаа потпишано Атлетска декларација на FIS.

**4. Правила на натпреварување**

4.1 Натпреварите се одржуваат во согласност со важечките правила на СФМ и правилата за натпревари за деца на Меѓународната скијачка федерација (FIS).

4.2 Натпреварите се одржуваат во рамките на предвидените термини со Календарот на Алпскиот комитет. Одложените натпреварувања можно е дополнително да се одржат. Сите промени ќе бидат објавени од страна на Алпскиот комитет.

**5. Календар на натпревари**

5.1 Календарот на натпревари го изработува Алпскиот комитет, а го усвојува Извршниот одбор на СФМ.

**6. Категории**

| | |
|---|---|
| 6.1 Снегулки (М и Ж) | **U8** |
| 6.2 Цицибани 1 (М и Ж) | **U10** |
| 6.3 Цицибани 2 (М и Ж) | **U12** |
| 6.4 Деца 1 (М и Ж) | **U14** |
| 6.5 Деца 2 (М и Ж) | **U16** |

**7. Дисциплини**

7.1 Слалом, за категориите U12, U14 и U16 (машки и женски). Овие натпревари се организираат во 2 возења, со зглобни врати (Ф27) за категориите U14 и U16 (машки и женски), односно на СТАБИСИ за категориите U12 (машки и женски).

7.2 Велеслалом за сите категории. Во зависност од патеката и одлуката на жирито овие натпревари ќе се организираат во 2 возења за категориите U16 (машки и женски). За поставување на патеките се користат зглобни врати (Ф27).

**8. Оглас и пријава за натпреварување**

8.1 Техничкиот Организатор е должен најдоцна 7 дена пред натпреварувањето да изготви Пропозиции за натпреварот и да ги достави до СФМ.

8.2 Во сличај на одлагање на натпреварот, истото треба да се објави најкасно 48 часа пред датумот на одржување на натпреварот. Одложувањето се врши преку канцеларијата на СФМ.

8.3 ПРИЈАВАТА за учество на натпреварите преставува соодветен формулар, кој е составен дел на овој Правилник. Пријавувањето на натпреварувачите го врши матичниот клуб со испраќање на пополнета ПРИЈАВА. Пријавата се доставува по пат на е-маил, на назначена адреса во пропозициите на натпреварот. Пријавата се доставува најдоцна 24 часа пред одржувањето на натпреварите.

**9. Состанок на Водачите на екипа**

9.1 Време и место на првиот состанок на Одговорните лица на екипите, на кој се врши извлекувањето на броеви мора да биде наведено во Пропозициите. Времето и местото за сите останати состаноци, им се соопштува на Водачите на екипи на првиот состанок.

9.2 На состанокот на Водачите на екипи присиствува и раководи со нив жирито на натпреварот. На состанокот се извлекуваат стартните броеви на натпреварувачите и се утврдува програмата на натпреварите и се одредуваат поставувачите на патеките.

9.3 Состаноците на водачите на екипи се одржуваат по правило еден ден пред натпреварот. Во колку натпреварот се одложи или се презакаже, за истиот ќе биде одржан нов состанок на водачите на екипи. Состанокот на водачите на екипи може да се одржи и преку интернет, како групен состанок (ZUM).

**10. Редослед на стартот**

10.1 Редослед на стартот на натпреварувачи по категории е следен:

| | |
|---|---|
| 1. Снегулки | 1. U8 женски |
| | 2. U8 машки |
| 2. Цицибани | 1. U10 женски |
| | 2. U10 машки |
| | 3. U12 женски |
| | 4. U12 машки |
| 3. Деца 1 и Деца 2 | 1. U14 женски |
| | 2. U14 машки |
| | 3. U16 женски |
| | 4. U16 машки |

10.2 Категоријата Снегулки на сите натпреварувања ќе настапува прва. Само во одредени случаи поради временски услови нивниот редослед може да се помести со одлука на Жирито на натпреварувањето.

10.3 Извлекувањето на стартни броеви се изведува по групи за секоја категпорија посебно:

| **Група** | **Стартен број** |
|---|---|
| Група 1 | Првопријавените натпреарувачи или со одука на Водачот на екипата |
| Група 2 | Второпријавените натпреарувачи или со одука на Водачот на екипата |
| Група 3 | Сите останати регистрирани натпреварувачи |

Извлекувањето се врши посебно за секоја група.

10.4 На натпреварувањата во слалом и велеслалом (во две возења) првите **15** пласирани од првото возење во второто возење стартуваат по обратен редослед од пласманот од првото возење, а останатите продолжуваат да стартуваат по пласманот од првото возење.

**11. Приговори и жалби**

11.1 Приговорите се доставуваа по писмен пат најдоцна 15 минути по објавувањето на дисквалификациите.

11.2 Приговорите се поднесуваа до жирито на натпреварот.

11.3 Приговорот се поднесува со уплата на 1000 денари, кои пари ќе бидат вратени доколку пријавата се реши позитивно.

**12. Бодување**

12.1 Бодувањето за поединечен пласман во Алпскиот куп на СФМ ќе се врши спрема редоследот на 15 првопласирани натпреварувачи и тоа да:

| | |
|---|---|
| 1- Прво пласиран-а | 25 бода |
| 2- Второ пласиран-а | 20 бода |
| 3- Трето пласиран-а | 15 бода |
| 4- Четврто пласиран-а | 12 бода |
| 5- Пето пласиран-а | 11 бода |
| 6- Шесто пласиран-а | 10 бода |
| 7- Седмо пласиран-а | 9 бода |
| 8- Осмо пласиран-а | 8 бода |

| | |
|---|---|
| 9- Девето пласиран-а | 7 бода |
| 10- Десето пласиран-а | 6 бода |
| 11- Единаесто пласиран-а | 5 бода |
| 12- Дванаесто пласиран-а | 4 бода |
| 13- Тринаесто пласиран-а | 3 бода |
| 14- Четиринаесто пласиран-а | 2 бода |
| 15- Петнаесто пласиран-а | 1 бод |

12.2 Пласманот се одредува со поединечно бодување после секој натпревар.

12.3 Калкулацијата ја врши и ја објавува Алпскиот комитет при СФМ.

**13. Државно првенство**

13.1 Може да стартуваат сите натпреварувачи, регистрирани во СФМ во соодветните категории.

**14. Награди и признанија**

14.1 На секоја натпревар, во секоја категорија се доделуваат медали за првопласираните.

14.2 На победниците во купот се даваат пехари за секоја категорија посебно.

14.3 Наградите ги обезбедува СФМ.

**15. Стартнина**

- Организаторот на натпреварите може да наплати стартнина.
- Стартнината се наплатува од секој пријавен натпреварувач на натпреварите
- Висината на стартнината ја одредува Извршниот одбот на СФМ најдоцна 1 месец пред почетокот на натпреварите
- Доколку поради неповолни временски услови трката се откаже, Техничкиот организатор не е обврзан да им ја врати стартнината на клубовите.

**16. Трошоци за организација**

16.1 Трошоците за награди, електронско мерење на натпреварите и делегираните лица од страна на СФМ ги сноси СФМ.

16.2 Другите трошоците за организација на натпреварот ги покрива Техничкиот организатор.

16.3 Добиените средства од стартнина му припаѓаат на Техничкиот организатор на натпреварот.

**17. Натпреварувачка опрема**

17.1 Натпреварувачите и предвозачите мора да носат кациги и соодветна опрема кои се во согласност со правилата на FIS или со одобрение на СФМ.

**Скијачка федерација на Македонија**
**Алпски комитет**
Претседател,
Иван Лесевски

### ТАБЕЛА - ДОЗВОЛЕНА ОПРЕМА ЗА ДЕЦА и ПРАВИЛА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАТЕКИТЕ

| | | КАТЕГОРИИ | | |
|---|---|---|---|---|
| **Дисциплина** | **Опис** | **ДЕЦА 2** | **ДЕЦА 1** | **ЦИЦИБАНИ** |
| **SG** | Вис.разлика | 250-450 | 250-450 | X |
| | Број на промена на правец | 8% - 12% | 8% - 12% | X |
| | Растојание меѓу капии | Мин. 25m / комб.капии – мин. 15m | Мин. 25m / комб.капии – мин. 15m | X |
| | Знамиња | 0,75 x 0,50 | 0,75 x 0,50 | X |
| | Мин.радиус на скии | 30m | X* | X |
| | Должина на скии (+/- 1 cm) | мин. 183 cm | X** | X |
| | Мак.дебелина на скии, плочки и везови | 50mm | 50mm | X |
| | Мак.ширина на скии под везови | 65mm | 65mm | X |
| | Мак.висина на ѓонот на скијачките кондури | 43mm | 43mm | X |
| **GS** | Вис.разлика | 200-350 | 200-350 | 130-200 |
| | Број на промена на правец | 13% - 17% | 13% - 17% | 14% - 18% |
| | Растојание меѓу капии | мак. 27m мин. 10 m | мак. 27m мин. 10 m | мак. 25m мин. 10 m |
| | Знамиња | 0,75 x 0,50 | 0,75 x 0,50 | 0,75 x 0,50 |
| | Мин.радиус на скии | 17m | 17m | x |
| | Должина на скии (+/- 1 cm) | мак. 188 cm | мак. 188 cm | мак. 130 cm |
| | Мак.дебелина на скии, плочки и везови | 50mm | 50mm | 50mm |
| | Мак.ширина на скии под везови | 65mm | 65mm | x |
| | Мак.висина на ѓонот на скијачките кондури | 43mm | 43mm | 43mm |
| **SL** | Вис.разлика | 100-160 | 100-160 | 80-120 (Stubby) |
| | Број на промена на правец | 32% - 38% (+/- 3) | 32% - 38% (+/- 3) | 32% - 38% (+/- 3) |
| | Растојание меѓу капии | 7-11m (лак мин.12m – мак. 15m)<br><br>0,75 - 1.00m вертикална комбинација | 7-11m (лак мин.12m – мак. 15m)<br><br>0,75 - 1.00m вертикална комбинација | 6-10m<br><br>0,75 - 1.00m вертикална комбинација |
| | Знамиња | x | x | x |
| | Мин.радиус на скии | x | x | x |
| | Должина на скии (+/- 1 cm) | 130 | 130 | x |
| | Мак.дебелина на скии, плочки и везови | 50mm | 50mm | 50mm |
| | Мак.висина на ѓонот на скијачките кондури | 43mm | 43mm | 43mm |

*препорака мин. 30 m

**препорака мин. 183 cm